неофицијален превод од англиски

Обединети нации

CRPD/C/GC/2

# Конвенција за правата на лицата со попреченост

Дистр.: општа
22 мај 2014 г.

Оригинал: англиски

**Комитет за правата на лицата со попреченост**
**Единаесетта седница**
31 март–11 април 2014 г.

## Општ коментар бр. 2 (2014)

### Член 9: Пристапност

## I. Вовед

1. Пристапноста претставува предуслов за лицата со попреченост да живеат самостојно и целосно и подеднакво да учествуваат во општеството. Без пристап до физичка средина, превоз, информации и комуникација, вклучувајќи и информатички и комуникациски технологии и системи, како и до други погодности и услуги отворени или обезбедени за јавноста, лицата со попреченост немаат еднакви можности за учество во своите општества. Не е случајно што пристапноста е еден од принципите на кои се темели Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (чл. 3 (ѓ)). Историски, движењето на лицата со попреченост тврди дека пристапот до физичката средина и до јавен превоз за лицата со попреченост е предуслов за слободата на движење, која се гарантира со членот 13 од Универзалната декларација за човекови права и членот 12 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Слично на тоа, пристапот до информации и комуникација се гледа како предуслов за слободата на мислење и изразување, гарантирана со членот 19 од Универзалната декларација за човекови права и членот 19, став 2, од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.

2. Со членот 25 (в) од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права го втемелува правото на секој граѓанин и граѓанка да има пристап, под општи услови на еднаквост, до јавна служба во својата земја. Одредбите од овој член послужија како основа за инкорпорирање на правото на пристап во темелните договори за човекови права.

3. Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација на секого му го гарантира правото на пристап до сите места и услуги наменети за користење од страна на јавноста, како на пр., превоз, хотели, ресторани, кафулиња, театри и паркови (чл. 5 (ѓ)). Така, утврден е преседан во меѓународната правна рамка за човекови права со кој правото на пристап се смета како право само по себе. Мора да се признае дека за припадниците на различни расни или етнички групи бариерите за слободен пристап до места и услуги отворени за јавноста биле резултат на штетни ставови и подготвеност да се употреби сила за спречување на нивниот пристап до места кои биле физички достапни. Меѓутоа, лицата со попреченост се соочуваат со технички и срединскi - во повеќето случаи, од човек

изградени средински бариери, како на пр., скалила на влезовите од зградите, отсуство на лифтови во повеќекатни објекти и недостаток на информации во пристапен формат. Изградената средина секогаш е поврзана со општествено-културниот развој како и обичаите; поради тоа, изградената средина е под целосна контрола на општеството. Таквите вештачки бариери често се резултат на недостаток на информации и техничко знаење, отколку на свесна волја да се спречат лицата со попреченост да пристапат до места или услуги наменети за употреба од јавноста. За да се воведат политики кои овозможуваат подобра пристапност за лицата со попреченост, потребно е да се променат ставовите кон овие лица, со цел борба против стигмата и дискриминацијата преку континуирани едукативни напори, подигнување на свеста, културни кампањи и комуникација.

4. Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација јасно го утврдуваат правото на пристап како дел од меѓународното право за човекови права. Пристапноста треба да се гледа како реафирмација на општествениот аспект на правото на пристап конкретно за попреченоста. Конвенцијата за правата на лицата со попреченост ја вклучува пристапноста како еден од клучните основни принципи - пресуден предуслов за ефективно и рамноправно уживање на граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права на лицата со попреченост. Пристапноста треба да се гледа не само во контекст на еднаквост и недискриминација, туку и како начин на инвестирање во општеството и како составен дел од агендата за одржлив развој.

5. Иако различни луѓе и организации различно разбираат што значи информатичко-комуникациска технологија (ИКТ), општо прифатено е дека ИКТ е сеопфатен термин кој ги вклучува сите информатичко-комуникациски уреди, т.е. апликации и нивните содржини. Оваа дефиниција опфаќа низа технологии за пристап, како на пр., радио, телевизија, сателитски врски, мобилни телефони, фиксни линии, компјутери, мрежна опрема и софтвер. Важноста на ИКТ лежи во нејзината способност да отвори низа услуги, да ги трансформира постоечките услуги и да создаде поголема побарувачка за пристап до информации и знаење, особено кај недоволно опслужените и исклучени популации како лицата со попреченост. Членот 12 од Правилникот за меѓународни телекомуникации (донесен во Дубаи во 2012 г.) го втемелува правото на лицата со попреченост на пристап до меѓународни телекомуникациски услуги, земајќи ги предвид релевантните препораки на Меѓународната унија за телекомуникации (ИТУ). Одредбите од тој член може да послужат како основа за зајакнување на националните законодавни рамки на државите членки.

6. Во својот Општ коментар бр. 5 (1994) за лицата со попреченост, Комитетот за економски, социјални и културни права се повикува на обврската на државите да ги применуваат Стандардните правила на ОН за изедначување на можностите за лицата со попреченост.[1] Стандардните правила го потенцираат значењето на пристапноста на физичката средина, транспортот, информациите и комуникациите за изедначување на можностите за лицата со попреченост. Концептот е развиен во правилото 5, каде пристапот до физичката средина, до информации и комуникации претставува приоритетна област за акција на државите. Значењето на пристапноста може да се изведе и од Општиот коментар бр. 14 (2000) на Комитетот за економски, социјални и културни права за правото на највисок можен стандард на здравје (ст. 12). Во својот Општ коментар бр. 9 (2006) за правата на децата со попреченост, Комитетот за правата на детето нагласува дека физичката непристапност на јавниот превоз и другите погодности, вклучувајќи државни објекти, трговски центри и рекреативни објекти, е главен фактор за маргинализација и исклучување на децата со попреченост и

[1] Резолуција 48/96 на Генералното собрание, анекс.

значително го нарушува нивниот пристап до услугите, вклучувајќи ги здравството и образованието (ст. 39). Важноста на пристапноста ја повторува Комитетот за правата на детето во својот Општ коментар бр. 17 (2013) за правата на детето на одмор, забава, игра, рекреативни активности, културен живот и уметност.

7. Во *Прегледот на Светскиот извештај за попреченост*, објавен во 2011 година од Светската здравствена организација и Светската банка, во рамките на најголемите консултации во историјата и со активно вклучување на стотици професионалци во областа на попреченоста, се нагласува дека изградената средина, транспортните системи, информациите и комуникацијата често се непристапни за лицата со попреченост (стр. 10). Лицата со попреченост се спречени да уживаат некои од основните права, како на пр., правото на барање работа или правото на здравствена заштита, што се должи на недостаток на пристапен превоз. Степенот на имплементација на законите за пристапност останува низок во многу земји и на лицата со попреченост често им се негира правото на слобода на изразување поради непристапноста на информациите и комуникацијата. Дури и во земјите каде што постојат услуги за толкување на знаковен јазик за глувите лица, бројот на квалификувани преведувачи обично е премал за да се одговори на зголемената побарувачка за нивните услуги, а фактот дека преведувачите треба индивидуално да патуваат до клиентите го чини прескапо користењето на нивните услуги. Лицата со интелектуална и психо-социјална попреченосот, како и глувите и слепите лица, се соочуваат со бариери при обид за пристап до информации и комуникација поради недостаток на формати лесни за читање и аугментативни и алтернативни начини на комуникација. Тие се соочуваат и со бариери при обид да пристапат до услуги, поради предрасуди и недостаток на соодветна обука на вработените кои ги даваат услугите.

8. Во извештајот *Како телевизијата да стане пристапна*, објавен во 2011 г. од Меѓународната унија за телекомуникации, во соработка со Глобалната иницијатива за инклузивни информатичко-комуникациски технологии, се нагласува дека значителен дел од една милијарда луѓе кои живеат со некаков вид попреченост не се во можност да уживаат во аудио-визуелните содржини на телевизија. Ова е поради непристапноста на содржината, информациите и/или на уредите кои им се потребни за пристап до овие услуги.

9. Мејнстрим ИКТ-заедница ја признава пристапноста уште од првата фаза на Светскиот самит за информатичко општество, одржан во Женева во 2003 г. Воведен и насочуван од заедницата на лицата со попреченост, концептот е втемелен во Декларацијата на принципите усвоена на самитот, каде во членот 25 се вели: „споделувањето и јакнењето на глобалното знаење за развој може да се подобри со отстранување на бариерите за еднаков пристап до информации заради економски, социјални, политички, здравствени, културни, образовни и научни активности, како и со олеснување на пристапот до информации од јавен домен, вклучувајќи и преку универзален дизајн и употреба на асиствни технологии“.[2]

10. Комитетот за правата на лицата со попреченост ја смета пристапноста за едно од клучните прашања во секој од 10-те интерактивни дијалози што ги одржа со државите членки при разгледување на нивните иницијални извештаи пред изработката на овој општ коментар. Заклучните согледувања за овие извештаи содржат препораки за пристапноста. Заеднички предизвик е недостатокот на соодветен механизам за следење, за да се обезбеди практична примена на стандардите за пристапност и на односната легислатива. Во некои држави членки, следењето е во надлежност на локалните власти кои немаат технички знаења и човечки и материјални ресурси за обезбедување ефективна

[2] Видете „Декларација на принципите: градење на информатичко општество: глобален предизвик во новиот милениум“, усвоена од Светскиот самит за информатичко општество во неговата прва фаза, одржан во Женева во 2003 г. (WSIS-03/GENEVA/DOC/4-E), ст. 25.

имплементација. Друг заеднички предизвик е недостатокот на обука за релевантните чинители и недоволната вклученост на лицата со попреченост и нивните претставнички организации во процесот на обезбедување пристап до физичката средина, транспортот, информациите и комуникацијата.

11. Комитетот за правата на лицата со попреченост се осврна на прашањето на пристапност и во своето постапување по индивидуални случаи. Во случајот *Ниусти и Такаш* против *Унгарија* (комуникација бр. 1/2010, Гледишта усвоени на 16 април 2013 г.), Комитетот беше на мислење дека сите услуги отворени или обезбедени за јавноста, мора да бидат пристапни согласно со одредбите од членот 9 на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Државата членка беше повикана да обезбеди пристап за слепите лица до автоматски машини за пари (банкомати). Комитетот, меѓу другото, препорача државата членка да воспостави „минимални стандарди за пристапност на банкарските услуги кои ги даваат приватните финансиски институции за лицата со оштетен вид и со други видови попреченост; … да изготви законска рамка со конкретни, спроводливи и временски утврдени цели за следење и проценка на постепеното изменување и приспособување од страна на приватните финансиски институции на претходно непристапните банкарски услуги во пристапни; … и да обезбеди сите ново набавени банкомат и други банкарски услуги да бидат целосно пристапни за лицата со попреченост“ (став. 10.2 (а)).

12. Земајќи ги овие преседани и фактот дека пристапноста навистина е витален предуслов за лицата со попреченост целосно и еднакво да учествуваат во општеството и ефективно да ги уживаат сите човекови права и основни слободи, Комитетот смета дека е неопходно да усвои општ коментар за членот 9 од Конвенцијата за пристапност, согласно својот деловник и воспоставената практика на договорните тела за човекови права.

# II. Нормативна содржина

13. Членот 9 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост утврдува дека, „со цел да им се овозможи на лицата со попреченост независно да живеат и целосно да учествуваат во сите аспекти на животот, државите членки се должни да преземат соодветни мерки за на лицата со попреченост да им обезбедат пристап, на еднаква основа со другите, до физичката средина и транспортот, до информации и комуникација, вклучувајќи и информатичко-комуникациски технологии и системи, како и до други погодности и услуги отворени или обезбедени за јавноста, како во урбаните, така и во руралните подрачја“. Важно е пристапноста да се третира во сета своја сложеност, опфаќајќи физичка средина, транспорт, информации и комуникација, и сервисни услуги. Фокусот повеќе не е врз правниот субјективитет, ниту врз јавниот или приватниот карактер на оние кои поседуваат згради, транспортна инфраструктура, возила, информации, комуникации и услуги. Ако стоките, производите и услугите се отворени или се обезбедуваат за јавноста, тие мора да бидат пристапни за сите, без оглед дали се во сопственост и/или ги обезбедува јавен орган или приватно претпријатие. Лицата со попреченост треба да имаат еднаков пристап до сите стоки, производи и услуги кои се отворени или се обезбедуваат за јавноста, на начин со кој им се гарантира ефективен и еднаков пристап и се почитува нивното достоинство. Овој приод произлегува од забраната на дискриминација; одбивањето на пристап треба да се смета за дискриминаторски чин, без оглед дали сторителот е јавен или приватен субјект. Пристапноста треба да им се обезбеди на сите лица со попреченост, без оглед на видот на попреченост, без никаква дистинкција, како на пр.: раса, боја на кожа, пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имотен, статус на раѓање или друг статус, правен или општествен статус, род или возраст. Кај пристапноста треба особено да се земат предвид родовата перспектива и возраста на лицата со попреченост.

14. Член 9 од Конвенцијата јасно ја воспоставува пристапноста како предуслов за лицата со попреченост да живеат самостојно, да учествуваат целосно и рамноправно во

општеството и неограничено да ги уживаат сите свои човекови права и основни слободи на еднаква основа со другите. Членот 9 има корени во постојните договори за човекови права, како што е членот 25 (в) од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, за правото на еднаков пристап до јавни услуги, и членот 5 (ѓ) од Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација, за правото на пристап до сите места и сервисни служби наменети за јавна употреба. Кога беа усвоени овие два темелни договора за човекови права, интернетот, којшто драматично го промени светот, не постоеше. Конвенцијата за правата на лицата со попреченост е првиот договор за човекови права на 21 век кој го третира пристапот до ИКТ; и во оваа смисла таа не создава нови права за лицата со попреченост. Понатаму, поимот на еднаквост во меѓународното право исто така се промени во изминативе децении со концепцискиот премин од формална еднаквост кон суштинска еднаквост, што влијае врз обврските на државите членки. Обврската на државите да обезбедат пристапност е суштински дел од новата должност да ги почитуваат, штитат и исполнуваат правата на еднаквост. Затоа, пристапноста треба да се рагледува во контекст на правото на пристап од посебната перспектива на попречености. Правото на пристап за лицата со попреченост се обезбедува преку стриктно спроведување на стандардите за пристапност. Бариерите за пристап до постоечките објекти, погодности, стоки и услуги наменети или отворени за јавноста мора да се отстранат постепено и систематски, и што е уште поважно, преку континуирано следење, со цел да се постигне целосна пристапност.

15. Стриктната примена на универзален дизајн за сите нови добра, производи, средства, технологии и услуги треба да обезбеди целосен, еднаков и неограничен пристап за сите потенцијални потрошувачи, вклучувајќи ги и лицата со попреченост, при што се зема предвид нивното вродено достоинство и различност. Ова треба да придонесе кон создавање на неограничен синџир на движење за поединецот од едно место до друго, вклучувајќи и движење во одреден простор, без пречки. Лицата со попреченост и другите корисници треба да може да се движат по улици без бариери, да влегуваат во пристапни нископодни возила, да пристапуваат до информации и комуникации, да влегуваат и да се движат во внатрешноста на универзално проектирани згради, со помош на технички помагала и со асистенција од други лица, кога е потребно. Примената на универзалниот дизајн не значи дека автоматски ќе се елиминира потребата од технички помагала. Неговата примена од почетната фаза на проектирање на објектот помага изградбата да биде многу поевтина: во многу случаи, пристапноста на зградата од самиот почеток можеби воопшто нема да ја зголеми вкупната цена на изградбата или во некои случаи, само минимално ќе ја зголеми. Од друга страна, во некои случаи, цената на подоцнежни адаптации за пристапност на зградата може да биде значителна, особено кај одредени историски објекти. Иако примената на универзалниот дизајн од почетокот е поекономична, потенцијалните трошоци за подоцнежно отстранување на пречките не смее да се користат како изговор за избегнување на обврската за постепено отстранување на бариерите. Пристапноста на информации и комуникации, заедно со ИКТ, исто така, треба да се оствари од самиот почеток, бидејќи подоцните адаптации на интернет и ИКТ може да ги зголемат трошоците. Затоа, поекономично е да се вклучат задолжителни карактеристики за пристапност до ИКТ од најраните фази на дизајнот и производството.

16. Примената на универзалниот дизајн го чини општеството пристапно за сите луѓе, а не само за лицата со попреченост. Исто така, важно е тоа што со членот 9 на државите членки изречно им се наметнува должност да обезбедат пристапност во урбаните и во руралните средини. Доказите велат дека пристапноста обично е подобра во поголеми градови отколку во подалечни, понеразвиени рурални области, иако интензивната урбанизација понекогаш создава и дополнителни нови бариери кои спречуваат пристап на лицата со попреченост, особено до изградена средина, транспорт, услуги и пософистицирани информатичко-комуникациски услуги во пренаселени, бучни урбани средини. И во обете, лицата со попреченост треба да имаат пристап до природното и културно наследство во физичката средина каде влегува и ужива јавноста.

17. Член 9, став 1, меѓу другото, бара државите членки да ги идентификуваат и да ги елиминираат пречките и бариерите за пристапност до:

(а) Згради, патишта, транспортни и други внатрешни и надворешни објекти, вклучувајќи и училишта, станбен простор, медицински објекти и работни места;

(б) Информации, комуникации и други услуги, вклучувајќи и електронски услуги и служби за итни случаи.

Другите внатрешни и надворешни објекти спомената погоре, треба да ги опфатат органите за спроведување на законот, судовите, затворите, социјалните институции, површините за социјална интеракција и рекреација, културните, верските, политичките и спортските активности, како и трговските центри. Другите услуги треба да опфатат поштенски, банкарски, телекомуникациски и информативни услуги.

18. Со членот 9, став 2, се предвидуваат мерките што државите членки мора да ги преземат за да го развијат, прошират и да го следат спроведувањето на минимум национални стандарди за пристапност на објектите и услугите кои се отворени или обезбедени за јавноста. Овие стандарди мора да бидат во согласност со стандардите на другите држави членки, со цел да се обезбеди интероперабилност во однос на слободното движење во рамките на слободата на движење и државјанство (чл. 18) на лицата со попреченост. Исто така, државите членки треба да преземат мерки за да обезбедат приватните субјекти кои нудат погодности и услуги отворени или обезбедени за јавноста да ги земат предвид сите аспекти на пристапност за лицата со попреченост (чл. 9, ст. 2 (б)).

19. Бидејќи непристапноста често е резултат на недоволна свест и техничко знаење, членот 9 наложува државите членки да обезбедат обука за сите заинтересирани страни околу пристапноста за лицата со попреченост (став 2 (в)). Член 9 не прави обид да ги наброи релевантните засегнати страни; секоја исцрпна листа треба да ги содржи органите кои издаваат одобренија за градба, советите за радиодифузија и лиценци за ИКТ, инженерите, дизајнерите, архитектите, урбанистите, транспортните власти, давателите на услуги, членовите на академската заедница и лицата со попреченост и нивните организации. Обука треба да се обезбеди не само за оние кои дизајнираат стоки, услуги и производи, туку и за оние кои конкретно ги произведуваат. Покрај тоа, со јакнење на директната вклученост на лицата со попреченост во развивањето производи ќе се подобри разбирањето на постоечките потреби и ефективноста на тестовите за пристапност. Во крајна линија, градежните работници на градилиштето се тие што ќе ја направат зградата пристапна или не. Важно е да се воспостават системи за обука и следење кај сите овие групи, со цел да се обезбеди практична примена на стандардите за пристапност.

20. Движењето и ориентацијата во згради и други места отворени за јавноста може да претставуваат предизвик за некои лица со попреченост доколку нема соодветни знаци, достапни информации и комуникација, т.е. услуги на поддршка. Затоа, член 9 став 2 (г) и (д), предвидува зградите и другите места отворени за јавноста да имаат ознаки со Брајова азбука и во форми лесни за читање и разбирање, како и асистенти и посредници, вклучувајќи и водичи, читачи и професионални толкувачи на знаковен јазик заради олеснување на пристапноста. Без такви знаци, достапни информации, комуникации и услуги за поддршка, ориентацијата и движењето во, и низ, зградите може да станат невозможни за многу лица со попреченост, особено за оние кои се соочуваат со когнитивен замор.

21. Без пристап до информации и комуникација, уживањето на слободата на мислење и изразување и на многу други основни права и слободи може да биде сериозно нарушено и ограничено за лицата со попреченост. Затоа, член 9 став 2 (ѓ) и (е) од Конвенцијата предвидува дека државите членки треба да промовираат асистенти и посредници, вклучувајќи водичи, читачи и професионални толкувачи на знаковниот јазик (ст. 2 (д)), потоа други соодветни облици за помош и поддршка на лицата со попреченост, за да им се обезбеди пристап до информации, како и пристап до нови информатичко-комуникациски технологии и системи, вклучувајќи и интернет, преку примена на задолжителни стандарди

за пристапност. Информациите и комуникациите треба да бидат достапни во формати лесни за читање и аугментативни и алтернативни начини и методи за лицата со попреченост кои ги користат тие формати, начини и методи.

22. Може да се користат нови технологии за промовирање на целосно и еднакво учество на лицата со попреченост во општеството, но само ако се дизајнирани и произведени на начин со кој се обезбедува пристапност. Новите инвестиции, истражувања и производство треба да придонесат кон елиминирање на нееднаквоста, а не кон создавање нови пречки. Затоа, во член 9, став 2 (ж), државите членки се повикуваат да промовираат дизајн, развивање, производство и дистрибуција на пристапни информатичко-комуникациски технологии и системи во рана фаза, за тие технологии и системи да станат достапни по минимална цена. Системите за подобрување на слухот, вклучувајќи амбиентални асистивни системи со кои им се помага на корисниците на слушни апарати и индукциски јазли, заедно со патничките лифтови претходно опремени за користење од страна на лица со попреченост при итни евакуации на објекти се само некои од примерите на технолошки достигнувања во служба на пристапноста.

23. Бидејќи пристапноста е предуслов за самостоен живот на лицата со попреченост, предвиден во членот 19 од Конвенцијата, како и за целосно и рамноправно учество во општеството, одбивањето пристап до физичка средина, транспорт, информатичко-комуникациски технологии, како и до објекти и служби отворени за јавноста, треба да се гледа во контекст на дискриминација. Преземањето на „сите соодветни мерки, вклучувајќи и законодавни, заради измена или укинување на постојните закони, прописи, обичаи и практики кои претставуваат дискриминација на лицата со попреченост“ (чл. 4, ст. 1 (б)) е главна општа обврска за сите држави членки. „Државите членки мора да забранат секаква дискриминација врз основа на попреченост и на лицата со попреченост да им гарантираат рамноправна и ефективна правна заштита од дискриминација на секаква основа“ (чл. 5 ст. 2). „Со цел да се промовира еднаквоста и да се елиминира дискриминацијата, државите членки ги преземаат сите соодветни мерки за да осигурат дека се обезбедува соодветно приспособување“ (чл. 5 ст. 3).

24. Треба да се направи јасна разлика меѓу обврската за обезбедување пристап до сите ново дизајнирани, изградени или произведени објекти, инфраструктура, стоки, производи и услуги, и обврската да се отстранат бариерите и да се обезбеди пристап до постојната физичка средина и постоечките транспорт, информации и комуникација, и услуги отворени за јавноста. Друга од општите обврски на државите членки е „да преземат или да промовираат истражување и развој на универзално дизајнирани стоки, услуги, опрема и објекти, како што е дефинирано во членот 2 од Конвенцијата, а за што е потребно минимално можно приспособување и најмалку трошоци за да се исполнат специфичните потреби на лицата со попреченост, да се промовира нивната достапност и користење, и да се унапреди универзалниот дизајн во изработката на стандарди и упатства“ (чл. 4, ст. 1 (ѓ)). Сите нови објекти, инфраструктура, погодности, стоки, производи и услуги треба да бидат дизајнирани така што да бидат целосно пристапни за лицата со попреченост, во согласност со принципите на универзалниот дизајн. Државите членки се должни да обезбедат пристап за лицата со попреченост до постоечките физичка средина, транспорт, информации и комуникации и до услугите отворени за јавноста. Меѓутоа, бидејќи ова е обврска што постепено ќе се спроведува, државите членки треба да утврдат дефинитивни рокови и да распределат соодветни средства за отстранување на постоечките бариери. Исто така, државите членки треба јасно да ги пропишат обврските на различни органи (вклучувајќи ги и регионалните и локалните власти) и субјекти (вклучувајќи ги и приватните субјекти) кои треба да ги извршат за да обезбедат пристапност. Државите членки треба да пропишат и ефективни механизми за следење, со цел да се обезбеди пристапност и да се следат санкциите против сите што не ги спроведуваат стандардите за пристапност.

25. Пристапноста се однесува на групи, додека соодветното приспособување се однесува на поединци. Ова значи дека обврската за обезбедување пристапност е обврска екс-анте. Затоа, државите членки се должни да обезбедат пристапност пред да добијат поединечно барање за влез или користење на некое место или услуга. Државите членки треба да утврдат стандарди за пристапност, кои мора да се донесат во консултација со

организациите на лицата со попреченост, и стандардите треба да се утврдени за давателите на услуги, градежниците и другите релевантни чинители. Стандардите за пристапност мора да се широки и стандардизирани. Во случај на лица што имаат ретки оневозможености кои не биле земени предвид при изработката на стандардите за пристапност, или кои не ги користат начините, методите или средствата понудени за остварување пристапност (на пр., кои не читаат Брајово писмо), дури и примената на стандарди за пристапност може да не биде доволна за да им се обезбеди пристап. Во такви случаи се применува соодветно приспособување. Согласно со Конвенцијата, на државите членки не им се дозволува да ги користат мерките на штедење како изговор за необезбедување постепена пристапност за лицата со попреченост. Обврската за спроведување на пристапноста е *безусловна*, т.е. субјектот должен да обезбеди пристапност не смее да го оправдува својот пропуст повикувајќи се на товарот на обезбедување пристап за лицата со попреченост. Спротивно на ова, обврската за соодветно приспособување постои само ако спроведувањето не претставува непотребно оптоварување на субјектот.

26. Обврската да се обезбеди соодветно приспособување е обврска екс-нунк, што значи дека е извршна од моментот кога на лицето со попреченост му треба приспособување во дадена ситуација, на пример, на работното место или на училиште, со цел да ги ужива своите права на еднаква основа во даден контекст. Овде, стандардите за пристапност може да бидат показател, но не смее да се земат како норматив. Соодветното приспособување може да се употреби како начин за обезбедување пристапност на лице со попреченост во конкретна ситуација. Соодветното приспособување има за цел постигнување индивидуална правда во смисла дека се обезбедува недискриминација и еднаквост, земајќи ги предвид достоинството, самостојноста и изборот на поединецот. Така, лицето со ретка оневозможеност може да побара приспособување кое потпаѓа надвор од опсегот на секој стандард за пристапност.

# III. Обврски на државите членки

27. Иако обезбедувањето пристап до физичка средина, транспорт, информации и комуникација и до услуги отворени за јавноста често е предуслов за ефективно уживање на разните граѓански и политички права на лицата со попреченост, државите членки може да осигураат пристапот да биде постигнат преку постепено спроведување, кога е потребно, како и преку користење на меѓународна соработка. Анализа на состојбата за да се утврдат пречките и бариерите што треба да се отстранат може да се изготви на ефикасен начин и во рамките на краток до среден рок. Бариерите треба да се отстрануваат континуирано и систематски, постепено но истрајно.

28. Државите членки се должни да усвојат, прошират и да ги следат националните стандарди за пристапност. Ако не постои релевантно законодавство, усвојувањето на соодветна законска рамка е првиот чекор. Државите членки треба да направат сеопфатна ревизија на законите за пристапност, со цел да ги идентификуваат, мониторираат и да ги решат недостатоците во законодавството и имплементацијата. Законите за попреченост често не вклучуваат ИКТ во својата дефиниција за пристапноста, додека законите за лицата со попреченост кои се однесуваат на недискриминаторски пристап во областите како набавки, вработување и образование често не вклучуваат пристап до ИКТ и до многу стоки и услуги од централно значење за современото општество кои се нудат преку ИКТ. Важно е разгледувањето и усвојувањето на овие закони и прописи да се изврши во блиска консултација со лицата со попреченост и нивните организации (чл. 4, ст. 3), како и со сите други релевантни чинители, вклучувајќи ги и членовите на академската заедница и стручните здруженија на архитекти, урбанисти, инженери и дизајнери. Законодавството треба да го опфати и да се заснова на принципот за универзален дизајн, како што се бара со Конвенцијата (чл. 4, ст. 1 (ѓ)). Тоа треба да предвидува задолжителна примена на стандардите за пристапност и санкции, вклучувајќи и парични казни, за оние кои нема да ги применуваат.

29. Корисно е да се вградат стандарди за пристапност кои се пропишуваат за различните области што треба да бидат пристапни, како на пр., физичката средина во законите за градба и планирање, превозот во законите за јавен воздушен, железнички, патен и воден сообраќај, информациите, комуникациите и услугите отворени за јавноста. Меѓутоа, пристапноста треба да биде опфатена во општите и посебните закони за еднакви можности, еднаквост и учество во контекст на забрана на дискриминација врз основа на попреченост. Одбивањето пристап треба јасно да се дефинира како забранет акт на дискриминација. Лицата со попреченост на кои им бил одбиен пристап до физичка средина, транспорт, информации и комуникација, или до услуги отворени за јавноста, треба на располагање да имаат ефективни правни лекови. При дефинирање на стандардите за пристапност, државите членки треба да ја земат предвид разноликоста на лицата со попреченост и да се погрижат да им се обезбеди пристапност на лицата од секој род и од сите возрасти и видови на попреченост. Дел од задачата за опфаќање на разноликоста на лицата со попреченост во обезбедувањето пристапност е да се признае дека некои лица со попреченост имаат потреба од помош на луѓе или животни за да уживаат целосна пристапност (како на пр., лична асистенција, толкување на знаковен јазик, толкување на тактилен знаковен јазик или кучиња-водичи). На пример, мора да се утврди дека забраната да се внесуваат кучиња-водичи во конкретен објект или отворен простор ќе претставува забранет акт на дискриминација врз основа на попреченост.

30. Неопходно е да се утврдат минимум стандарди за пристапност до различните услуги што ги даваат јавните и приватните претпријатија за лицата со разни видови оневозможеност. Референтните инструменти како на пр., препораките на ИТУ-Т „Листа за телекомуникациска пристапност за активности на стандардизација (2006)“ и „Упатства за телекомуникациска пристапност за постари лица и лица со попреченост“ (ИТУ-Т препорака Ф.790), треба да се вградат секогаш кога се изработуваат нови стандарди за ИКТ. Тоа ќе овозможи генерализација на универзалниот дизајн при изработка на стандардите. Државите членки треба да утврдат законска рамка со конкретни, спроводливи и временски утврдени мерила за следење и оценка на постепеното изменување и приспособување од страна на приватните субјекти на нивните претходно непристапни услуги во пристапни. Исто така, државите членки треба да се погрижат сите ново обезбедени стоки и услуги да бидат целосно пристапни за лицата со попреченост. Мора да се развијат минимални стандарди во блиска консултација со лицата со попреченост и нивните организации, во согласност со членот 4, став 3 од Конвенцијата. Стандардите може да се развијат и во соработка со други држави членки и меѓународни организации и агенции преку меѓународна соработка, во согласност со членот 32 од Конвенцијата. Државите членки се охрабруваат да се приклучат кон ИТУ-студиските групи во секторите за радиокомуникација, стандардизација и развој на Унијата, кои активно работат на интегрирање на пристапноста во изработката на меѓународни телекомуникациски и ИКТ-стандарди и во подигање на свеста кај индустријата и владите за потребата да се зголеми пристапот до ИКТ за лицата со попреченост. Ваквата соработка може да биде корисна при изработка и унапредување на меѓународни стандарди кои придонесуваат за интероперабилност на стоките и услугите. Во областа на комуникациските услуги, државите членки мора да обезбедат барем минимум квалитет на услугите, особено за релативно новите видови услуги, како што се личната асистенција, толкувањето на знаковен јазик и тактилните знаци, со цел тие да се стандардизираат.

31. При ревидирање на законодавството за пристапност, државите членки мора да ги разгледаат и ако е потребно, да ги изменат своите закони со цел да забранат дискриминација врз основа на попреченост. Како минимум, следниве ситуации во кои недостатокот на пристапност го спречува лицето со попреченост да пристапи до услуга или објект отворени за јавноста треба да се сметаат за забранети акти на дискриминација врз основа на попреченост:

(a) Кога услугата или објектот биле воспоставени по воведување на соодветните стандарди за пристапност;

(б) Кога пристап до објектот или услугата (откако се воведени) можел да се обезбеди преку соодветно приспособување.

32. Како дел од ревизијата на законодавството за пристапност, државите членки, исто така, мора да ги разгледаат своите закони за јавни набавки за да осигурат дека нивните постапки за јавни набавки вклучуваат барања за пристапност. Неприфатливо е да се користат јавни средства за да се создава или да се продолжува нееднаквост која неизбежно произлегува од непристапни услуги и објекти. Јавните набавки треба да се користат за спроведување на афирмативна акција во согласност со одредбите од член 5, став 4 од Конвенцијата, со цел да се обезбеди пристапност и де факто еднаквост за лицата со попреченост.

33. Државите членки треба да усвојат акциони планови и стратегии за идентификување на постојните пречки за пристапност, да утврдат временски рамки со конкретни рокови и да обезбедат човечки и материјални ресурси потребни за отстранување на пречките. Откако ќе се усвојат, тие акциони планови и стратегии треба стриктно да се спроведуваат. За да обезбедат пристапност, државите членки треба, исто така, да ги зајакнат своите механизми за следење и да продолжат да обезбедуваат доволно средства за отстранување на пречките, како и обука на персонал за мониторинг. Бидејќи стандардите за пристапност често се спроведуваат на локално ниво, од огромно значење е континуирано градење на капацитетите на локалните власти надлежни за следење на спроведувањето на стандардите. Државите членки имаат обврска да развијат ефективна рамка за следење и да воспостават ефикасни тела за мониторинг со соодветен капацитет и мандат, за да осигурат дека плановите, стратегиите и стандардизацијата се спроведуваат и извршуваат.

# IV. Поврзаност со другите членови од Конвенцијата

34. Должноста на државите членки да обезбедат пристап до физичката средина, превоз, информации и комуникација и до услуги отворени за јавноста на лицата со попреченост треба да се гледа од аспект на еднаквост и недискриминација. Одбивањето пристап до физичка средина, превоз, информации и комуникација, и до услуги отворени за јавноста, претставува акт на дискриминација врз основа на попреченост кој се забранува со член 5 од Конвенцијата. Обезбедувањето пристапност *про футуро* треба да се гледа во контекст на спроведувањето на општата обврска за изработка на универзално дизајнирани стоки, услуги, опрема и објекти (чл. 4, ст. 1 (ѓ)).

35. Подигањето на свеста е еден од предусловите за ефективна имплементација на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Бидејќи пристапноста честопати тесно се набљудува како пристапност до изградена средина (што е значаен, но само еден аспект од пристапот за лицата со попреченост), државите членки треба да се стремат систематски и континуирано да ја подигаат свеста за пристапноста меѓу сите релевантни чинители. Треба да се даде осврт на сеопфатната природа на пристапноста, која подразбира пристап до физичка средина, превоз, информации, комуникација и услуги. При подигањето на свеста, треба да се нагласи и дека обврската за почитување на стандардите за пристапност подеднакво се однесува и на јавниот и на приватниот сектор. Треба да се промовира примената на универзалниот дизајн и идејата дека проектирањето и изградбата со пристап од најраните фази е ефективно и економично. Подигањето на свеста треба да се врши во соработка со лицата со попреченост, нивните претставнички организации и со технички експерти. Посебно внимание треба да се посвети на градење на капацитетите за примена и следење на спроведувањето на стандардите за пристапност. Медиумите не треба да ја земаат предвид само пристапноста на своите програми и услуги за лицата со попреченост, туку и да преземат активна улога во промовирање на пристапноста и да придонесат кон подигање на свеста.

36. Обезбедувањето целосен пристап до физичката средина, превоз, информации, комуникација и услуги отворени за јавноста навистина е витален предуслов за ефективно уживање на многу права опфатени со Конвенцијата. Во ситуации на ризик, природни непогоди и вооружен конфликт, итните служби мора да им бидат пристапни на лицата со попреченост или нивниот живот нема да може да се спаси, ниту пак нивната благостостјба да се заштити (чл. 11). Пристапноста мора да се внесе како приоритет во напорите за обнова по катастрофи. Затоа, управувањето со ризиците од катастрофи мора да биде пристапно и инклузивно за лицата со попреченост.

37. Не може да постои ефективен пристап до правда ако објектите во кои се наоѓаат органите на законот и судството не се физички пристапни, или ако услугите, информациите и комуникацијата што тие ги обезбедуваат не се пристапни за лицата со попреченост (чл. 13). Безбедните куќи, сервисите и процедурите за поддршка, сите мора да бидат пристапни, со цел да се обезбеди ефективна и целисходна заштита од насилство, злоупотреба и експлоатација на лицата со попреченост, особено на жените и децата (чл. 16). Пристапните средина, превоз, информации, комуникации и услуги се предуслов за вклучување на лицата со попреченост во локалните заедници и за нивен самостоен живот (чл. 19).

38. Членовите 9 и 21 се преклопуваат околу прашањето за информации и комуникација. Членот 21 предвидува дека државите членки „ги преземаат сите соодветни мерки за да обезбедат лицата со попреченост да го остварат правото на слобода на изразување и мислење, вклучувајќи и слобода да бараат, примаат и да даваат информации и идеи на еднаква основа со другите, преку сите форми на комуникација по свој избор“. Потоа, членот детално завлегува во тоа како може да се обезбеди пристапност на информации и комуникација во пракса. Тој налага државите членки „информациите наменети за јавноста да ги обезбедуваат за лицата со попреченост во достапен формат и со технологии соодветни на различни видови попреченост“ (чл. 21 (а)). Освен тоа, тој предвидува „олеснување на употребата на знаковни јазици, Брајова азбука, аугментативна и алтернативна комуникација, како и на сите други пристапни средства, модели и формати на комуникација по избор на лицата со попреченост во службените интеракции“ (чл. 21 (б)). Приватните субјекти кои обезбедуваат услуги за јавноста, вклучително и преку интернет, се повикуваат да даваат информации и услуги во пристапни формати кои лицата со попреченост ќе можат да ги користат (чл. 21 (в)), а масовните медиуми, вклучувајќи ги и давателите на информации преку интернет, се охрабруваат да ги направат своите услуги пристапни за лицата со попреченост (чл. 21 (г)). Исто така, со членот 21 се бара од државите членки да ја признаат и да ја промовираат употребата на знаковен говор, во согласност со членовите 24, 27, 29 и 30 од Конвенцијата.

39. Без пристапен превоз до училиште, пристапни училишни згради и пристапни информации и комуникација, лицата со попреченост нема да имаат можност да го остварат своето право на образование (член 24 од Конвенцијата). Така, училиштата треба да бидат пристапни, како што изречно се наведува во членот 9 став 1 (а) од Конвенцијата. Меѓутоа, се работи за тоа да биде пристапен целиот процес на инклузивно образование; не само зградите, туку и сите информации и комуникација, вклучувајќи амбиентски или ФМ-асистивни системи, услуги за поддршка и соодветно приспособување во училиштата. За да се унапреди пристапноста, образованието како и содржината на наставните планови и програми треба да го промовираат и да се изведуваат на знаковен јазик, со Брајова азбука, алтернативно писмо и со аугментативни и алтернативни модели, средства и формати на комуникација и ориентација (чл. 24, ст. 3 (а)), со посебно внимание на соодветните јазици, начини и средства за комуникација кои ги користат слепите, глувите и глуво-слепите ученици. Начините и средствата за настава треба да бидат пристапни и да се спроведуваат во пристапни средини. Целата средина на учениците со попреченост мора да биде дизајнирана на начин кој поттикнува вклучување и ја гарантира нивната еднаквост во целиот процес на нивното образование. Целосното спроведување на членот 24 од Конвенцијата треба да се разгледува во единство со другите темелни инструменти за

човекови права, како и со одредбите од Конвенцијата против дискриминација во образованието на Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (УНЕСКО).

40. Здравствената и социјалната заштита ќе останат недостижни за лицата со попреченост, доколку нема пристап до просториите каде се обезбедуваат тие услуги. Дури и ако самите објекти во кои се даваат услуги на социјална и здравствена заштита се пристапни, без пристапен превоз лицата со попреченост не се во можност да патуваат во местата каде се даваат услугите. Сите информации и комуникација кои се однесуваат на обезбедување здравствена заштита треба да бидат достапни на знаковен јазик, Брајово писмо, пристапни електронски формати, алтернативно писмо и аугментативни и алтернативни начини, средства и формати на комуникација. Особено е важно да се земе предвид родовата димензија на пристапноста кога се дава здравствена заштита, особено заштита на репродуктивното здравје на жените и девојките со попреченост, вклучувајќи гинеколошко-акушерски услуги.

41. Лицата со попреченост не можат ефективно да ги уживаат своите права на работа и вработување, како што е опишано во членот 27 од Конвенцијата, ако самото работно место не е пристапно. Затоа, работните места треба да бидат пристапни, како што изречно се наведува во член 9 став 1 (а). Одбивањето да се приспособи работното место претставува забранет акт на дискриминација врз основа на попреченост. Покрај физичката пристапност на работното место, лицата со попреченост имаат потреба од пристапен транспорт и услуги на поддршка за да стигнат до работното место. Сите информации кои се однесуваат на работа, огласи за работа, процес на селекција и комуникација на работното место, а кои се дел од работниот процес, мора да бидат пристапни на знаковен јазик, Брајово писмо, во електронска форма, алтернативни писма, и на аугментативни и алтернативни начини, средства и формати на комуникација. Сите синдикални и работнички права мора, исто така, да се пристапни, како што мора да се и можностите за обука и стекнување работни квалификации. На пример, курсеви за странски јазици или компјутери за вработените и слушателите мора да се спроведуваат во пристапна средина, во пристапни облици, модели, средства и формати.

42. Член 28 од Конвенцијата се однесува на соодветен стандард на живеење и социјална заштита за лицата со попреченост. Државите членки треба да ги преземат сите неопходни мерки, со цел редовната заштита, а и мерките и сервисите на социјална заштита специфични за лицата со попреченост, да се обезбедуваат на пристапен начин, во пристапни објекти и сите информации и комуникација во врска со нив да се пристапни преку знаковен јазик, Брајово писмо, пристапни електронски формати, алтернативно писмо, и аугментативни и алтернативни начини, средства и формати на комуникација. Програмите за социјално домување треба да понудат станови кои, меѓу другото, се пристапни за лицата со попреченост и старите лица.

43. Со член 29 од Конвенцијата, на лицата со попреченост им се гарантира правото на учество во политичкиот и јавниот живот, како и на учество во вршење на јавните работи. Лицата со попреченост нема да бидат во можност еднакво и ефективно да ги остварат овие права ако државите членки не обезбедат пристапни и лесно разбирливи постапки за гласање, соодветни пристапни и лесни за користење објекти и материјали. Исто така, важно е да бидат пристапни политичките средби и материјалите што ги користат и изработуваат политичките партии или индивидуални кандидати кои учествуваат во јавните избори. Ако не, лицата со попреченост се лишени од правото на еднаков начин да учествуваат во политичкиот процес. Лицата со попреченост кои се избрани на јавна функција мора да имаат еднакви можности за извршување на својот мандат, на целосно пристапен начин.

44. Секој има право да ужива во уметност, да учествува во спорт и да оди во хотели, ресторани и барови. Сепак, корисниците на количка не можат да одат на концерт ако има само скали во концертната сала. Слепите лица не можат да уживаат во сликарството, ако не постои опис на сликата што може да се слушне во галеријата. Наглувите лица не можат да уживаат во филмот, ако нема титлуван текст. Глувите лица не можат да уживаат во

театарската претстава, ако не постои толкување на знаковен јазик. Лицата со интелектуална попреченост не можат да уживаат во книга, ако не постои верзија лесна за читање или верзија во аугментативни и алтернативни модели. Членот 30 од Конвенцијата налага државите членки да го признаат правото на лицата со попреченост на учество во културниот живот на еднаква основа со другите. Државите членки треба да ги преземат сите соодветни мерки за да обезбедат дека лицата со попреченост:

(а) Уживаат пристап до културни содржини во пристапни формати;

(б) Уживаат пристап до телевизиски програми, филмови, театарски и други културни активности, во пристапни формати;

(в) Уживаат пристап до места за културно-уметнички програми или услуги, како што се театри, музеи, кина, библиотеки и туристички услуги, и, колку што е можно, уживаат пристап до споменици и локалитети од национално културно значење.

Обезбедувањето пристап до културно-историски споменици кои се дел од националното наследство навистина може да биде предизвик во некои околности. Меѓутоа, државите членки се должни да се стремат кон обезбедување пристап до овие локалитети. Многу споменици и локалитети од национално културно значење се прават пристапни на начин со кој се зачувува нивниот културно-историски идентитет и посебност.

45. „Државите членки преземаат соодветни мерки за да им овозможат на лицата со попреченост да се развиваат и да ги користат своите креативни, уметнички и интелектуални потенцијали“ (член 30, став 2). „Државите членки ги преземаат сите соодветни чекори, во согласност со меѓународното право, за да обезбедат дека законите за заштита на правата на интелектуална сопственост не претставуваат неразумна и дискриминаторска бариера за пристап на лицата со попреченост до културни содржини“ (чл. 30, ст. 3). Со Договорот од Маракеш на Светската организација за интелектуална сопственост околу олеснување пристап до објавени дела за лицата кои се слепи, со оштетен вид или кои се поинаку попречени да читаат, донесен во јуни 2013 г., треба да се обезбеди пристап до културни содржини без неразумни или дискриминаторски бариери за лицата со попреченост, вклучувајќи ги и оние кои живеат во странство или како припадници на малцинство во друга земја, а кои зборуваат или користат ист јазик, т.е. средства за комуникација, особено оние кои се соочуваат со предизвици при пристап до класични печатени материјали. Конвенцијата за правата на лицата со попреченост предвидува дека лицата со попреченост имаат право, на еднаква основа со другите, на признавање и поддршка на нивниот специфичен културен и јазичен идентитет. Членот 30, став 4, нагласува признавање и поддршка за знаковните јазици и културата на глувите.

46. Членот 30, став 5 од Конвенцијата предвидува дека, со цел да им се овозможи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите, да учествуваат во рекреативни, слободни и спортски активности, државите членки мора да преземат соодветни мерки за:

(а) Поттикнување и промовирање учество, до најголем можен степен, на лицата со попреченост во редовните спортски активности на сите нивоа;

(б) Обезбедување лицата со попреченост да имаат можност да организираат, развиваат и да учествуваат во спортско-рекреативни активности специфични за нив, па за таа цел, да поттикнуваат обезбедување на еднаква основа со другите, на соодветна настава, обука и ресурси;

(в) Обезбедување лицата со попреченост да имаат пристап до спортски, рекреативни и туристички места;

(г) Обезбедување децата со попреченост да имаат еднаков пристап со другите деца до учество во игра, рекреација, слободни и спортски активности, вклучувајќи ги и активностите во образовниот систем;

(д) Обезбедување лицата со попреченост да имаат пристап до услуги од страна на оние кои се вклучени во организацијата на рекреативни, туристички, слободни и спортски активности.

47. Меѓународната соработка, како што е опишано во член 32 од Конвенцијата, треба да биде значајна алатка во унапредувањето на пристапност и универзален дизајн. Комитетот препорачува меѓународните развојни агенции да ја признаат важноста на поддршката на проекти насочени кон подобрување на ИКТ и друга инфраструктура за пристап. Сите нови инвестиции во рамките на меѓународната соработка треба да се користат за да се поттикне отстранување на постојните бариери и да се спречи создавање на нови бариери. Неприфатливо е да се користат јавните средства за создавање нови нееднаквости. Сите нови објекти, инфраструктура, погодности, стоки, производи и услуги мора да бидат целосно пристапни за сите лица со попреченост. Меѓународната соработка не треба да се користи само за инвестирање во пристапни стоки, производи и услуги, туку и за поттикнување размена на знаења и информации за добри практики во постигнување пристапност на начини со кои ќе се остварат опипливи промени за подобрување на животот на милиони лица со попреченост во светот. Исто така, важна е меѓународната соработка за стандардизација, како и фактот дека организациите на лицата со попреченост мора да се поддржат за да може да учествуваат во националните и меѓународните процеси за развивање, спроведување и следење на стандардите за пристапност. Пристапноста мора да биде составен дел од секој напор за одржлив развој, особено во контекст на агендата за развој по 2015 година.

48. Следењето на пристапноста е клучен аспект од националниот и меѓународниот мониторинг врз спроведувањето на Конвенцијата. Членот 33 од Конвенцијата налага државите членки да определат контакт лица во своите влади за прашања кои се однесуваат на примената на Конвенцијата, како и да воспостават национални рамки за следење на нејзиното спроведување кои вклучуваат еден или повеќе независни механизми. Треба да биде вклучен и граѓанскиот сектор, и целосно да учествува во процесот на следење. Од суштинска важност е телата формирани согласно со членот 33 уредно да се консултираат кога ќе се разгледуваат мерки за правилно спроведување на членот 9. Овие тела треба да добијат целисходни можности, меѓу другото, да учествуваат во изготвување на национални стандарди за пристапност, да дадат коментар за постојните и нацрт-законите, да доставуваат предлози за нацрт-закони и политики, и целосно да учествуваат во подигање на свеста и во едукативни кампањи. Процесите на национално и меѓународно следење на спроведувањето на Конвенцијата треба да се вршат на пристапен начин со кој се промовира и се обезбедува ефективно учество на лицата со попреченост и нивните претставнички организации. Членот 49 од Конвенцијата налага текстот на Конвенцијата да биде достапен во пристапни формати. Ова е иновација во еден меѓународен договор за човекови права, па Конвенцијата за правата на лицата со попреченост треба да се гледа како преседан во тој поглед за сите идни договори.